ИНФОРМАЦИЈА
за финансиската состојба на Фондот на пензиското иинвалидското осигурување на Македонија за периодотјануари-мај 2011 година, со оценки до крајот на годината

Со Буџетот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за 2011 година, како составен дел на Буџетот на Републиката, планирано е финансиското работење на Фондот да се оствари со избалансирани приходи и расходи. Како основ за остварување на баланс помеѓу приходите и расходите беа макроекономските индикатори за зголемување на приходите од придонесите за 7,0% (4 % од предвидениот пораст на платите и од 3% пораст на вработеноста), како и обезбедување средства од Буџетот на Републиката освен за редовните обврски и за транзиционите трошоци и покривање на дефицитот на Фондот.

Со намалување на стапката на придонес за пензиско и инвалидско осигурување од 21,2% во 2008 година на 19% во 2009 и на 18% во 2010 и 2011 година, финансиската состојба на Фондот почна да се влошува, а со тоа и исплатата на пензиите се вршеше отежнато, така што Фондот покрај трансферните средства од Буџетот на Републиката утврдени со Буџетот на Фондот користеше и дополнителни средства од Буџетот на Републиката во вид на позајмица и истата ја враќаше од остварените приходи во тековниот месец.

Во 2010 година Фондот за навремена исплата на пензиите (во првата недела од месецот), продолжи да користи позајмица која од месец во месец се зголемуваше, така што на крајот на годината за исплата на декемвриските пензии кои се исплатија во почетокот на јануари 2011 година достигна до 1.100,00 милиони денари.

Зголемувањето на позајмицата е поради тоа што Фондот во 2010 година оствари негативен финансиски резултат од 1.037,43 милиони денари и неостварување на макроекономските индикатори за зголемување на вработеноста и платите на вработените.

Од јануари 2011 година Фондот при исплатата на пензиите продолжи да користи позајмици и тоа во поголем износ од месец во месец, така што за исплатата на априлските пензии кои се исплатија во мај позајмицата изнесуваше 1.560,00 милиони денари, а за мајските пензии кои се исплатија на почетокот на јуни 2011 година позајмицата изнесуваше 1.550,00 милиони денари. Ова од причини што Фондот и во 2011 година остварува недостиг на средства, односно со вкупните приходи на Фондот не се покриваат вкупните расходи.

Во периодот јануари-мај 2011 година, Фондот оствари вкупни приходи во износ од 17.225,65 милиони денари и истите се повисоки за 559,41 милиони денари или за 3,4% во споредба со истиот период од 2010 година, а во споредба со планираните извршени се со 96,3% или помалку за 659,93 милиони денари. Во истиот период Фондот изврши вкупни расходи во износ од 18.121,30 милиони денари или повеќе за 3,7% од извршените расходи од 2010 година, а истите се во рамките на планираните средства со Буџетот на Фондот ( 99,7%) .

Недостигот на средства во периодот јануари–мај 2011 година изнесува 895,65 милиони денари, односно заедно со пренесениот дефицит од 1.037,43 милиони денари од 2010 година кумулираниот дефицит изнесува 1.933,08 милиони денари

1. ПРИХОДИ

Во период јануари-мај 2011 година, Фондот оствари вкупни приходи во износ од 17.225,65 милиони денари. Во рамките на вкупните приходи изворните приходи се остварени во износ од 10.723,68 милиони денари и истите во вкупните приходи имаат најголемо учество од 62,2%. Средствата од Буџетот на Републиката се остварени во износ од 6.052,25 милиони денари и истите учествуваат со 35,1% во вкупните приходи. Останатите приходи (акцизи, продажба на акции, дивиденда и други

приходи) учествуваат со 2,6% во вкупните приходи. Вкупни приходи се остварени од следните извори и тоа:

| Р.б | Вид на приходи | Планирано I-V. 2011 | Остварено I-V. 2010 | Остварено I-V. 2011 | Индекс 4:2 | Индекс 4:3 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Изворни приходи | 11.405,00 | 10.456,16 | 10.723,68 | 94,0 | 102,6 |
| 2 | Приходи од акцизи | 314,08 | 278,76 | 312,98 | 99,6 | 112,3 |
| 3 | Трансфери од Буџет на Републиката | **6.017,40** | **5.896,55** | **6.052,25** | 100,6 | 102,6 |
| | - за редовни обврски по закон | 1.818,00 | 1.771,99 | 1.631,50 | 89,7 | 92,1 |
| | - за покривање на дефицит | 2.935,00 | 2.708,45 | 2.996,53 | 102,1 | 110,6 |
| | - за транзициони трошоци | 1.220,00 | 1.271,18 | 1.380,85 | 113,2 | 108,6 |
| | - трансфер од Министерството за одбрана | 41,40 | 32,93 | 40,57 | 98,0 | 123,2 |
| | - за патни трош.за бансо-климатско лекување | 3,00 | 2,89 | 2,80 | 93,3 | 96,9 |
| 5 | Други приходи | 37,50 | 32,70 | 65,66 | 175,1 | 200,8 |
| 6 | Приходи од дивиденда | 1,60 | 2,00 | 1,90 | 118,8 | 95,0 |
| 7 | Приходи од продажба на хартии од вредноста | 110,00 | 0,07 | 69,18 | 62,9 | |
| | Вкупни приходи | 17.885,58 | 16.666,24 | 17.225,65 | 96,3 | 103,4 |




1. Изворни приходи

Во период јануари-мај 2011 година изворните приходи се остварени во износ од 10.723,68 милиони денари, и истите во споредба со планираните приходи со Буџетот на Фондот за 2011 година, се пониски за 6,0% , а во однос на истиот период од 2010 година се повисоки за 2,6 %.

Изворните приходи по видови на придонеси во периодот јануари-мај 2011 година изнесуваат:

| Р.бр | Вид на приходи | Планирано I-V. 2011 | Остварено I-V.2010 | Остварено I-V. 2011 | Индекс 4:2 | Индекс 4:3 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Придонес од плата | 10.937,00 | 10.001,97 | 10.280,74 | 94,0 | 102,8 |
| 2 | Придонес од доход | 153,00 | 143,78 | 137,19 | 89,7 | 95,4 |
| 3 | Придонес од приватен сектор | 234,00 | 224,51 | 228,82 | 97,8 | 101,9 |
| 4 | Придонес од индивидуални земјоделци | 12,00 | 12,34 | 20,74 | 172,8 | 168,1 |
| 5 | Приходи од Агенција за вработување | 69,00 | 73,56 | 56,19 | 81,4 | 76,4 |
| | **Вкупно придонеси** | **11.405,00** | **10.456,16** | **10.723,68** | **94,0** | **102,6** |

Изворните приходи кои се основен извор на финансирање на пензиското и инвалидското осигурување, по месеци се остваруваа и тоа:

| Месеци | 2010 година | 2011 година | Разлика |
|---|---|---|---|
| Јануари | 1.836,81 | 1.778,01 | - 58,80 |
| Февруари | 2.124,21 | 2.192,21 | 68,00 |
| Март | 2.247,21 | 2.253,17 | 5,96 |
| Април | 2.255,60 | 2.363,26 | 107,66 |
| Мај | 1.992,33 | 2.137,03 | 144,70 |
| **ВКУПНО** | **10.456,16** | **10.723,68** | **267,52** |




Вкупните средства од придонесите во оваа година во однос на 2010 година се повисоки за 267,52 милиони денари, а во однос на планираните се пониски за 681,32 милиони денари или за 6,0%.

1.1 Придонес од плата

Придонесот од плата е основен извор на финансирање на пензиското и инвалидското, а во рамките на изворните приходи остварен е во износ од 10.280,74 милиони денари и во споредба со планираните средства е понизок за 6,0% или 656,26 милиони денари, а во споредба со приходите остварени за периодот јануари-мај 2010 година е повисок за 2,8% или за 278,77 милиони денари.
Фондот изврши анализа на планираните приходи, параметрите за нивно утврдување, како и на факторите кои влијаат за нивно остварување во овој период.
Имено, во Буџетот на Фондот за 2011 година планираните приходи од придонесот од плата е утврдени во износ од 27.614,08 милиони денари. За проекција на овие приходи земени се оценетите приходи за 2010 година, стапка на придонес за ПИО од 18%, пораст на вработеноста од 3% и пораст на бруто платите на вработените за 4,0%. Врз основа на наведените индикатори придонесот во Буџетот на Фондот за 2011 година е проектиран на повисоко ниво од 2,5%.
Во периодот јануари-мај 2011 година не е забележан пораст на вработеност, а во однос на порастот на платите заклучно со месец март, просечната врењдност на бруто платите (јануари-март) во однос на просекот од 2010 година бележи пораст од само 0,5% .

1.2. Придонес од доход

Од придонес од доход за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење во периодот јануари-мај 2011 година се остварени средства во износ од 137,19

милиони денари и истите се пониски и со планираните средства со Буџетот на фондот и со истиот период од 2010 година.

1.3. Придонес од приватниот сектор

Од придонес од приватниот сектор-од физички лица што вршат дејност и вработените кај нив, остварени се средства во износ од 228,82 милиони денари. Овие средства се повисоки во споредба со остварените средства за истиот период од 2010 година за 1,9%, а се пониски за 2,2% со планираните средства.

1.4. Приходи од придонес од индивидуални земјоделци

Приходите од придонесот од индивидуалните земјоделци се остварени во износ од 20,74 милиони денари, истите се повисоки со планираните средства за 72,8%, а 68,1% се повисоки во споредба со истиот период од 2010 година.

1.5. Приходи од Агенцијата за вработување

Приходите од Агенција за вработување се остварени во износ од 56,19 милиони денари и истите се пониски за 18,6% од планираните и 23,6% од остварените во истиот период за 2010 година, како резултат на намалување на бројот на лица за кои се исплаќа парични надоместоци, промена на законската регулатива, да се плаќа придонес за пензиско инвалидско осигурување само на лица до исполнување на минималните услови за остварување право на пензија од 15 години пензиски стаж, како и пресметување на придонесот по стапка од 18% на нето основица (наместо на бруто основица).

2. Приходи од акцизи

Средствата остварени од акцизите изнесуваат 312,98 милиони денари и истите се на ниво на планираните со Буџетот на Фондот (99,6%), а во споредба со истиот период од 2010 година средства се повисоки 12,3%. Овие средства за Фондот се издвојуват по стапка од 9,18% од продажба на нафтените деривати.

3. Приходи од Буџетот на Републиката

Средствата од Буџетот на Републиката во периодот јануари-мај 2011 година се остварени во износ од 6.052,25 милиони денари и истите се во рамките на планираните со Буџетот на Фондот (100,6%), а во споредба со дозначените средства за истиот период во 2010 година се повисоки за 2,6%.

Овие приходи се однесуваат и тоа:

Редовни обврски по закон средства во износ од 1.631,50 милиони денари. Овие средства во споредба со истиот период од 2010 година се пониски за 7,9% како резултат на намалување на бројот на корисници кои имаат поповолни пензии, а расходите се покриваат од средствата на Буџетот на Републиката.

Транзициони трошоци кои се однесуваат за пренесување на дел од придонесот за пензиско инвалидско осигурување до приватните пензиски фондови, за членовите кои пристапиле во капитално финансирано пензиско осигурување во период јануари-мај 2011 година изнесуваат 1.380,85 милиони денари. Овие средства се повисоки за 8,6% во однос на истиот период од 2010 година како резултат на зголемен број членовите од 266.970 на крајот на 2010 година на 279.000 членови, со состојба на 31 мај 2011 година или зголемување за 12.030 членови, што се должи на задолжително зачленување на сите нововработени лица.

За покривање на тековен дефицит од Буџетот на Републиката се дозначени средства во износ од 2.996,53 милиони денари кои средства во споредба со истиот период од 2010 година се зголемени за 10,6%. Учеството на средствата за покривање на

тековен дефицит изнесува 17,4% во однос на вкупните приходи, а во 2010 година учеството изнесуваше 16,2%.

Во периодот јануари-мај 2011 година дозначени се средства во износ од 40,57 милиони денари за корисниците на пензија кои се стекнале со право на пензија, согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за служба во армијата на Република Македонија.

Исто така, дозначени се средства во износ од 2,80 милиони денари за исплата на патни трошоци за корисниците на пензија кои користеа банско-климатско лекување, согласно заклучокот на Владата на Република Македонија.

4. Приходи од дивиденда и од продажба на хартии од вредност

Од дивиденда се остварени средства во износ од 1,90 милиони денари кои во споредба со планираните се повисоки за 18,8%, а од продажба на хартии од вредност (акции и удели) остварени се средства во износ од 69,18 милиони денари и истите се пониски и од планираните средства со Буџетот на Фондот за периодот јануари-мај и во споредба со истиот период од 2010 година.

Приходите од продажба на хартии од вредност во споредба со планираните средства во Буџетот на Фондот за периодот јануари-мај 2011 година, пониски се од причини што согласно одредбите на членот 11 став 3 од Законот за спречување на корупција, забрането е отуѓување на државен капитал. Од овие причини не е реализирана продажбата по двете одлуки донесени од Управниот одбор на Фондот и добиената согласност од Владата на Република Македонија за истите. Истото ќе се одрази и на остварување на приходите по овој основ што Фондот ќе ги оствари во 2011 година бидејќи активностите ќе започнат по формирањето на Владата.

5. Други приходи

Другите приходи се остварени во износ од 65,66 милиони денари, што е остварување над планираните средства и со истиот период од 2010 година, како резултат на вратени пензии од банките, за неисплатените пензии од починатите корисници на пензија, за изминат период, како и од кирии и закупнини, од средства од други фондови за исплата на пензии, од надомест на штети, од дивиденда од комерцијална банка, од камати за ненавремено плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување.

2. РАСХОДИ

Во период јануари-мај 2011 година Фондот оствари вкупни расходи во износ од 18.121,30 милиони денари и истите се во рамките на планираните со Буџетот на Фондот за овој период (99,7%), а во однос на истиот период од 2010 година се повисоки за 3,7%.

Расходите по видови изнесуваат:

| Ред број | Вид на расходи | Буџет I-V. 2011 | Остварено I-V. 2010 | Остварено I-V. 2011 | Индекс 4:2 | Индекс 4:3 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Пензии | 14.599,00 | 13.969,14 | 14.443,06 | 98,9 | 103,4 |
| 2 | Мин. земјоделски пензии | 40,00 | 45,17 | 36,46 | 91,2 | 80,7 |
| 3 | Воени пензии | 202,50 | 197,20 | 188,08 | 92,9 | 95,4 |
| | Вкупни пензии | 14.841,50 | 14.211,51 | 14.667,60 | 98,8 | 103,2 |
| 8 | Плаќ. по основ на задол.кап.пенз.осиг | 1.220,00 | 1.258,09 | 1.390,12 | 113,9 | 110,5 |
| 9 | Надомест за телесно оштетување | 38,31 | 38,31 | 36,22 | 94,5 | 94,5 |
| 10 | Надомест од инвалидско осигурување | 3,47 | 3,47 | 3,80 | 109,5 | 109,5 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 11 | Интернатско сместување | 1,41 | 1,41 | 0,88 | 62,4 | 62,4 |
| 12 | Вкупно придонес за здраство | 1.897,89 | 1.785,85 | 1.831,71 | 96,5 | 102,6 |
| 13 | Плати и надоместоци | 120,00 | 104,50 | 115,98 | 96,7 | 111,0 |
| 14 | Други расходи | 61,00 | 69,13 | 72,31 | 118,5 | 104,6 |
| 15 | Капитални трошоци | 0,21 | 0,21 | 2,33 | | |
| 16 | Реконструкција на деловни објекти | 1,00 | 1,00 | 0,35 | 35,0 | 35,0 |
| | Вкупни расходи | 18.184,79 | 17.473,48 | 18.121,30 | 99,7 | 103,7 |




Во рамките на вкупните расходи, најобемни се средствата за исплата на пензии во износ од 14.667,60 милиони денари и придонес за здравствено осигурување во износ од 1.831,71 милиони денари или вкупно бруто пензии 16.499,31 милиони денари што претставува 91,0% во однос на вкупните расходи, а останатите расходи изнесуваат 1.621,99 милиони денари и тоа: за плаќање на приватните пензиски фондови во износ од 1.390,12 милиони денари или 7,7% во однос на вкупните расходи: 40,90 милиони денари, за парични надоместоци од пензиското и инвалидското осигурување: 115,98 плати и надоместоци: 74,99 милиони денари за други трошоци, капитални трошоци и за реконструкција на деловните објекти на Фондот.

1. Расходи за пензии

Расходите за исплата на редовните пензии во овој период се зголемени за 3,2% во однос на истиот период за 2010 година како резултат на усогласување на пензиите за 1,1% од 1 јули 2010 година и 0,75% од 1 јануари 2011 година или вкупно усогласување од 1,9% и промените кои настануваат во износите на пензиите со приливот и одливот на корисниците на пензија.

Просечната пензија исплатена во мај 2010 и 2011 година по видови на пензија изнесува, и тоа:

| Ред број | Вид на пензија | мај 2010 година | мај 2011 година | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Старосна | 11.459,00 | 11.880,50 | 103,7 |
| 2 | Инвалидска | 9.132,00 | 9.263,50 | 101,4 |
| 3 | Семејна | 8.164,50 | 8.447,50 | 103,5 |
| | Вкупно | 10.145,00 | 10.476,00 | 103,3 |

Просечната пензија изнесува 10.476,00 денари и истата во однос на просечната плата во Републиката во март 2011 година (20.585 денари) учествува со 50,9%. Просечната пензија во 2011 година во однос на 2010 година е зголемена за 3,3% како резултат на усогласување на пензиите и промените кои настануваат во износите на пензиите со приливот и одливот на корисниците на пензија.

.

2. Придонес за здравствено осигурување

Придонесот за здраствено осигурување на корисниците на пензија изнесува 1.831,71 милиони денари, или 10,1% од вкупните расходи. Висината на придонесот е во зависност од исплатените пензии, а се пресметува по стапка од 13%.

3. Плаќање на средства до приватните пензиски фондови

Расходите за плаќање по основ на приватните пензиски фондови во периодот јануари-мај 2011 година изнесуваат 1.390,12 милиони денари и истите се повисоки за 13,9% во споредба со планираните средства и 10,5% во однос на истиот период од 2010 година, како резултат на зголемувањето на новите членови во приватните пензиски фондови.

4. Надоместоци од инвалидско осигурување

Трошоците за телесно оштетување, надоместоците од инвалидско осигурување и интернатско сместување на деца со пречки во психофизичкиот развој изнесува 40,90 милиони денари и истите се пониски за 5,3% од планираните средства со Буџетот на Фондот и од 2010 година.

5. Надоместок на Стручна служба

Трошоците за плати, наемнини и надоместоци за вработените изнесуваат 115,98 милиони денари и истите се под планираните средства со Буџетот на Фондот, од причини што согласно антикризните мерки на Владата на Република Македонија не се пополнети работните места за пензионираните работници од Фондот. Учеството на овие трошоци во вкупните расходи на Фондот изнесува 0,6%.

6. Други трошоци

Останатите расходи (други трошоци, капитални расходи и реконструкција на деловните објекти) изнесуваат 74,99 милиони денари и во вкупните расходи учествуваат со 0,4%. Овие трошоци во периодот јануари-мај 2011 година бележат пораст во споредба со истиот период од 2010 година, како и во споредба со планираните средства со Буџетот на Фондот. Повисокиот процент на другите расходи со планираните за овој период е резултат на плаќањето на обврските за Борец-Битола согласно одлуката на управниот одбор на Фондот.

III. Финансиски резултат

Во периодот јануари-мај 2011 година Фондот оствари вкупни приходи во износ од 17.225,65 милиони денари и вкупни расходи од 18.121,30 милиони денари или вишок на расходите над приходите во износ од 895,65 милиони денари. Вишокот на расходите над приходите претставува 4,9% од вкупните расходи.

Вишокот на расходите произлегува од неостварените планирани приходи по основ на зголемување на вработеноста и зголемување на платите, како и од планираното повисоко ниво на приходите од придонесите од плата за овој период. Во периодот јануари-мај 2011 година вкупните приходи се остварени со 96,3% од планираните, а вкупните расходи со 99,7% што произлегува дека вкупните тековни приходи не ги покриваат вкупните расходи на Фондот.

Од овие причини Фондот се соочува со сериозни проблеми при исплатата на пензиите, а за навремена исплата на пензиите се користи позајмица од Буџетот на Републиката, која од месец во месец се зголемува и Фондот не е во можност и да ја врати во тековниот месец.

Со цел да се изврши навремена исплата на пензиите во првата недела од месецот за претходниот месец, во услови кога приходите на Фондот во најголем износ се остваруваат до 15-ти во месецот, Фондот од почетокот на годината користеше позајмица на средства од Буџетот на Републиката во износ од 1.100,00 милиони денари, почнувајќи од јануари да за исплатата на мајските пензии кои се исплатија на 2-ри јуни да достигне 1.550,00 милиони денари. Позајмиците Фондот заклучно со март 2011 година успеваше да ги врати по акумулирање на средствата до крајот на месецот, а од месец април невратената позајмица во износ од 380,00 милиони денари се исплаќаше од приливот на средства од наредниот месец.

Вишокот на расходи се покриваше од пренесените средства од 31.12.2010 година кои изнесуваа 766,91 милиони денари, а со состојба на 31.05.2011 година тие средства беа во целост потрошени, а останува невратената позајмица од 520,00 милиони денари која е на товар на приходите од јуни 2011 година.

IV. ОЦЕНКА НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2011 ГОДИНА

Врз основа на остварените резултати во периодот јануари-мај 2011 година, очекуваните движења на економските индикатори во наредниот период, и оценките на Фондот за движењето на приходите и расходите во периодот јуни-декември 2011 година, се оценува дека ќе оствари вкупни приходи и вкупни расходи и тоа:

| Р.бр | Вид на приходи односно расходи | Планирано Буџет 2011 година | Остварено 2010 година | Оценка за 2011 година | Индекс 4/2 | Индекс 4/3 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1. | Придонес од плата | 27.614,08 | 25.156,98 | 25.957,00 | 94,0 | 103,2 |
| 2. | Придонес од доход, приватен сектор, земјоделци и Агенцијата за вработување | 1.201,24 | 1.144,41 | 1.127,00 | 93,8 | 98,5 |
| | **Вкупно придонеси** | **28.815,32** | **26.301,39** | **27.084,00** | **94,0** | **103,0** |
| 3. | Приходи од акцизи | 772,00 | 787,57 | 772,00 | 100,0 | 98,0 |
| 4. | Приходи од Буџетот од Републиката | 14.307,38 | 14.218,12 | 14.307,38 | 100,0 | 100,6 |
| 5. | Дивиденда и продажба на акции и удели | 315,04 | 50,78 | 215,00 | 71,7 | |
| 6. | Други приходи | 100,00 | 112,17 | 100,00 | 100,0 | 89,2 |
| | **Вкупни приходи** | **44.309,70** | **41.470,03** | **42.478,00** | **95,9** | **102,4** |
| | | | | | | |
| 1. | Пензии | 36.165,00 | 34.437,32 | 35.900,00 | 99,1 | 104,1 |
| 2. | Приватни фондови | 2.920,00 | 3.172,93 | 3.350,00 | 114,7 | 105,6 |
| 3. | Парични надоместоци од инвалидско осигурување | 109,00 | 103,52 | 109,00 | 100,0 | 105,3 |
| 4. | Придонес за здравство | 4.627,00 | 4.338,25 | 4.595,00 | 99,0 | 105,6 |
| 5. | Плати и надоместоци | 288,50 | 251,55 | 288,50 | 100,0 | 114,7 |
| 6. | Други расходи | 180,20 | 187,68 | 195,00 | 108,2 | 103,9 |
| 7. | Капитални расходи | 15,00 | 12,59 | 15,00 | 100,0 | 119,2 |
| 8. | Градежни работи | 5,00 | 3,62 | 5,00 | 100,0 | 138,1 |
| | **Вкупни расходи** | **44.309,70** | **42.507,46** | **44.457,50** | **100,2** | **104,4** |
| | **Вишок на расходи** | | **- 1.037,43** | **- 1.979,50** | | |

Врз основа на остварените приходи и расходи за периодот јануари – мај 2011 година Фондот направи пресметки за движењето на приходите и расходите до крајот на годината и оцени дека на крајот на годината ќе има недостиг на средства од околу 1.980,00 милиони денари.

Имајќи предвид дека целосно се исцрпени средствата од салдото на сметката, Фондот не ќе може да ја врши исплатата на пензиите доколку не се преземат дополнителни интервентни мерки.

Од изнесените податоци во Информацијата се констатира:

- Нереално планиран буџет од придонес од плата,
- Помалку приходи од неостварениот пораст на плати;
- Потреба од ребаланс на Буџетот поради неостварување на макроекономските индикатори и преценет Буџет, и
- Помалку планирани средства за транзициони трошоци како трансферни средства од Буџетот на Републиката.

Од наведените констатации се предлага Управниот одбор на Фондот да ја разгледа и усвои Информацијата за финансиската состојба на Фондот за периодот јануари-мај 2011 година и истата писмено да биде доставена до Министерството за финансии и Министерството за труд и социјална политика за превземање на соодветни мерки кои се во нивна надлежност.

Скопје, јуни 2011 година